## З А П И С Н И К

од единаесеттиот состанок во 2014 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации што се одржа на 19.08.2014 година во 09:30 часот

Единаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 19.08.2014 година во 09:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова,
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
4. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов
5. Директорот на Агенција за електронски комуникации – Роберт Ордаsucceeded
6. Шефот на кабинет на Директорот Елизабета Двојакова,
7. Раководителот на Секторот за правни работи - Бојана Стефановска - во својство на записничар.

Членот на Комисијата г-дин Газменд Ајдини бесе оправдано отсутен и претходно го имал најавено своето отсуство кај Претседателот на Комисијата,

На состанокот беше предложен и усвоен следниот :

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од десетиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 30.07.2014 и усвојување на предлог дневниот ред за единаесетиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК;

2. Барање Согласност за склучување на Договор за донација по добиено мислење;

3. Разно


Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

**1. Усвојување на Записникот од десеттиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 30.07.2014 и усвојување на предлог дневниот ред за единаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК;**

Од страна на Комисијата беше едногласно усвоен Записникот од десеттиот состанок на Комисијата на АЕК одржан на 30.07.2014 и дневниот ред за единаесеттиот состанок за 2014 година на Комисијата на АЕК.

2. **Барање Согласност за склучување на Договор за донација по добиено мислење;**

По спроведената постапка и добиеното Решение бр. УП 1-11-164 од 27.03.2014 година, издадено од Министерство за правда на Република Македонија со кое се потврдува донацијата од Агенцијата за електронски комуникации на Јавно сообраќајно претпријатие ЈСП Скопје како донација од јавен интерес во областа како јавна дејност и презетираната документација, членовите на комисијата едногласно ја дадоа согласноста за склучување на Договорот за донација.

3. **Разно**

По оваа точка од дневниот ред Директорот на Агенцијата за електроски комуникации ги извести членовите на Комисијата за меѓународниот состанок кој го има закажано за 21.08.2014 година со највисокото раководство на регулаторните тела од регионот ( Албанија, Бугарија, Црна Гора, Србија, Хрватска, Турција) на кој ке се разгледуваат предлози за воведување на роаминг цени како во Европската Унија во Регионот.

Потоа Комисијата на АЕК побара известување во врска со постапките за јавни набавки за кои веке е дадена согласност на претходните состаноци на комисиите, на што Директорот на Агенцијата одговори за статусот на постапките, а воедно и се произнесе дека истиот не е задоволен од динамиката и резултатите со кои тие се одвиваат заради што и ќе превземе соодветни мерки и кадровски промени.

Состанокот заврши во 10:30 часот.

**Гордана Клинчарова, претседател** ____________________

**Славе Веловски, член** ________________________________

**Петар Есмеров, член**__________________________________

**Горан Велинов , член** _________________________________

Наш број ____________

Скопје ______________

www.aek.mk

Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk